EU4GREEN

# ЗНАЕЊЕ И ИСКУСТВО ЗА ЗЕЛЕНА АГЕНДА

**EU4Green** Проектот ја подржува Албанија, Босна и Херцеговина, Косово* , Црна Гора, Северна Македонија и Србија во спроведувањето на Зелената агенда. Целта е создавање на синергија, потикнување на нови идеи, подобрување на квалитетот на одлуките со целунапредување на регулаторните реформи и поддршка на мониторингот и известувањето.

За да обезбеди чувство на сопственост и да го подобри прифаќањето на Зелената агенда, EU4Green ќе ја зајакне комуникацијата и соработката помеѓу доносителите на одлуки, клучните регионални институции и релевантните чинители.

Funded by the European Union

With funding from

Austrian Development Cooperation

umweltbundesamt
ENVIRONMENT AGENCY AUSTRIA

# КЛУЧНИ ЦЕЛИ НА EU4GREEN

EU4Green на регионално ниво ќе даде свој придонес во областите:

**Премин кон циркуларна економија:** Прилагоден на секоја економија, EU4Green го зајакнува одржливото користење на ресурсите и спречувањето на отпадот преку поддршка на развојот на планови за превенција на отпадот, подобрување на промоцијата на циркуларната економија, новите деловни модели и градењето на капацитети.

**Мониторинг и намалување на загадувачите:**

- **Воздух:** со цел на подобрување на квалитетот на воздухот, EU4Green се занимава со развој на планови за квалитет на воздухот со фокус на греење во домаќинствата и спалување на земјоделскиот отпад, како и на мониторингот и известувањето на емисиите.
- **Води:** како би се заштитиле водните ресурси и зајакнало одрживото управување со водите, EU4Green ќе се фокусира на подобрување на квалитетот на водите преку подршка на спроведувањето  на Директивата за прочистување на урбаните отпадни води и Директивата за нитрати и подобрувањето на мониторингот на водите.
- **Почви:** EU4Green го приоритизира здравјето на почвите преку идентификација и ремедијација на дифузното загадувањето на почвите и контаминираните локации кои представуваат ризици за здравјето и животната средина.

**Подобрување на одрживоста и отпорноста кон климатските промени на земјоделството:** Со цел намалување на загадувањето и зајакнување на одржливата употреба и складирање на водата, EU4Green  се фокусира на ефикасното управување со нутриентите и Директивата за нитратите. Проектот, исто така, ја нагласува употребата на агро-еколошките индикатори за зајакнување на системот за мониторинг.

**Зачувување на биодиверзитетот:** Со цел да се заштитат еколошки важните живеалишта, со користење на плавните зони во заштитените подрачја како пример ќе се идентификуваат пилот локации, ќе се соберат релевантни податоци и ќе се изградат бази на геоподатоци, специфични за проектот. Со прекуграничните активности EU4Green ја зајакнува соработката на економиите на Западниот Балкан во зачувувањето на биодиверзитетот.

**Зајакнувањето на мониторингот и известувањето за Зелената агенда:** Со цел подобрување на ефикасноста на постоечките национални системи на мониторинг и известување за Зелената агенда, EU4Green ја анализира нивната содржина и нивото на функционалноста. Врз основа на тоа ќе се подготви патоказ за мониторинг и известување.

**Подобрувањето на разбирањето на Зелената агенда низ комуникациските активности:** Целта на EU4Green е подигање на свеста и разбирањето на јавноста за значењето  и целите на Зелената агенда, преку истакнување на предностите на Зелената агенда и примерите за најдобра пракса во нејзиното спроведување.

**Подобрување на едукацијата за Зелената агенда:** Ќе се воведат иновативни наставни методи, а особено развој на микроквалификациски модули, во соработка соИницијативата за реформа на образованието во Југоисточна Европа. Овие модули се дизајнирани така да ги истакнуваат клучните еколошки вештини, вклучувајќи и клучни области како што се еколошката свест, енергетската ефикасност и одрживото земјоделство.

**Вклучување на цивилниот сектор и други целни групи:** Целта на EU4Green е унапредување на знаењето на организациите од цивилниот сектор за работните пакети на Зелената агенда и потикнување на позначајно вклучување на експертизи на овие организации во процесот на донесување на одлуки.

**Потикнување на финансирањето на зелената транзиција:** На економиите на Западниот Балкан ќе им бидат предложени стратегии за финансирање на зелени транзиции, со нагласок на одрживо финансирање, разбирање на фондовите и програмите за финансирање, како и вклучување на локалните финансиски институции. Обуки од областа на зеленото финансирање ќе бидат организирани за јавниот и приватниот сектор, а ќе се стимулира хармонизација на националните прописи со регулаторни рамки на ЕУ за Одрживо финансирање.

## ФАКТИ И БРОЕВИ

**Активност:** EU4Green: Подршка на спроведувањето на Зелената агенда за Западен Балкан

**Проектен регион:** Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора, Северна Македонија, Србија

**Времетраење:** 2022 – 2025

**ЕУ финансирсње:** 10 милиона евра

**Австриска развојна соработка:** 1 милион евра

**Се спроведува од:** Агенција за животна средина на Австрија

**Зелена агенда за Западен Балкан (GAWB):** GAWB е стратешки патоказ кон регулаторни реформи во регионот со цел усогласување со амбициите на ЕУ за зголемување на ефикасното користење на ресурсите преку преминот кон чиста и циркуларна економија, спречувањто на климатските промени, враќање на загубениот биодиверзитет и намалување на загадувањето.

* Оваа ознака е без предрасуди за позициите за статусот и е во согласност со Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на Обединетите Нации и мислењето на Меѓународниот суд за правда за прогласување на независноста на Косово.